**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2013 ГОДИНА**
**од областа на еднаквите можности на жените и мажите**
**во Општина Аеродром со статистички податоци**

Комисијата за родова еднаквост во рамките на Советот на Општина Аеродром е формирана со решение со архивски број 07-28/2 од 17.05.2005 година, а координаторот е назначен од редовите на државната администрација во Општината, со Овластување за извршување на работните задачи како координатор за еднакви можности на жените и мажите во Општина Аеродром со архивски број 08-3669/1 од 12.05.2009 година.

На 65-тата Седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на 13.07.2012 година, беше усвоена Предлог-одлуката за измена и дополнување на Статутот на Општина Аеродром со што беше сменето името на „Комисијата за родова еднаквост“ во „Комисија за еднакви можности на жените и мажите“. Ова беше извршено согласно новиот Закон за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ број 6 од 13.01.2012 година), како и по добиеното толкување од страна на Министерството за труд и социјална политика на РМ за новиот Закон (допис од МТСП со наш арх. број 16-1910/3 од 19.03.2012 година, арх.бр. во МТСП 17-1624/3 од 16.03.2012 година).

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Аеродром е составена од претседател – Јасминка Дамческа и четири члена – Бошко Стојкоски, Мелина Голубовска, Даниела Николова и Саша Гајиќ со Одлука за избор на претседатели и членови на комисии на Советот на Општина Аеродром („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 8 од 11.04.2013 година).

Координаторот за еднакви можности на жените и мажите во Општина Аеродром е државен службеник во општинската администрација – Јелена Пејановиќ, помлад соработник за култура во Секторот за образование, спорт, култура и заштита.

Во текот на 2013 година, беа одржувани повремени средби и комуникација помеѓу членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и Координаторот во врска со еднаквите можности на жените и мажите и нивниот рамноправен третман. Преку е-меил пораки, координаторот ги известуваше членовите на Комисијата за сите случувања и настани поврзани со родовата еднаквост.

Во текот на изминатата година, координаторот учествуваше на пет обуки и работилници од областа на родовата рамноправност и заштитата од дискриминација и тоа:

- 04.02.2013 година – **Регионална работилница „Подготвителни активности за проектот Промовирање на одржливи вработувања – 2 за 2013 година“** (во хотел „Арка“ – Скопје, организирана од Агенција за вработување, МТСП и УНДП);
- 08.03.2013 година – **Обука за имплементирање на Стратегијата за родово одговорно буџетирање** (во Клуб на пратеници – Скопје, организирана од МТСП);
- 19-20.09.2013 година – **Програма за обука 2 „Креирање на можности за вработување за маргинализираните жени на локално ниво“** (во Клуб на новинари – Дуна – Скопје, организирана од WYG International Ltd);

- 10.10.2013 година – **Обука „Законодавна рамка и стратешки документи за еднакви можности и недискриминација“** (во Општина Центар, обучувачи од МТСП);
- 21-22.10.2013 година – **Обука за „Концептот на недискриминација и имплементација на националната стратегија за еднаквост и недискриминација врз етничка припадност, возраст, ментална и телесна попреченост и врз полова основа“** (во хотел „Континентал“ – Скопје, организирана од Британски совет и МТСП).

Освен тоа, координаторот и членовите на Комисијата за еднакви можности учествуваа на јавни расправи, (меѓународни) конференции и промоции од областа на еднаквите можности, заштитата од дискриминација, заштитата од семејно насилство, одбележување на денот на руралната жена, организирани од Комисија за еднакви можности на жените и мажите при Собранието на РМ, Министерство за труд и социјална политика, Комисија за заштита од дискриминација, Сојуз на синдикати на РМ, Акција Здруженска идр.

Посетените обуки и јавни расправи беа оценети како корисни, бидејќи на нив беа разменети искуства со претставниците од другите општини, државните и јавните институции, здруженијата на граѓани и невладини организации, кои дискутираа за постоечките проблеми и често пати помагаа да се најдат најсоодветни решенија за нивно надминување во понатамошната работа.

Во јануари 2013 година Амбасадорот на САД во РМ, Пол Волерс и градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски свечено им доделија педесетина сертификати на учесничките во обуките за професионален развој и женско претприемништво, реализирани на крајот на 2012 година во соработка со американската невладина организација „Линк акрос" и Одделението за локален економски развој во Општина Аеродром. Амбасадорот Волерс изрази надеж дека овој проект ќе помогне во подигнување на свеста за претприемништво и развој на професионални вештини и ќе ги поттикне жените да креираат сопствени бизниси и работни места, што пак, би помогнало во решавање на прашањето за невработеноста на жените од Општина Аеродром. Обуките имаа за цел да ги едуцираат жените да почнат сопствен бизнис, да станат успешни и модерни жени, успешни претприемачки и да напредуваат во компанијата во која работат. Благодарение на обуките, се овозможи да профункционира Фондацијата за поддршка и развој на женското претприемништво „Центар за жени претприемачи Скопје" која е основана со цел да им помогне на жените да го подобрат економскиот и социјалниот статус преку етаблирање и управување со микро-бизниси. Центарот веќе делува и потпиша договори за соработка со неколку локални општини.

На 21.02.2013 година во 18:00 часот во ОУ „Љубен Лапе“, Здружението за борба против рак „Борка – за секој нов ден“ одржа едукативно предавање во рамки на кампањата за подигнување на свеста за ракот на дојка – Розов караван. На предавањето беа поканети сите жители на Општина Аеродром со особен акцент на здруженијата на жени кои се особено засегнати со оваа проблематика. На предавањето се обрати претседателката на Здружението „Борка“ Биба Додева, а свои презентации одржаа и д-р Елизабета Бабушку, радиолог-специјалист во приватната општа болница „Ре-медика“ и претставник од „Медикус Хелп“, Радмила Хаџиска.

Одделението за локален економски развој во Општина Аеродром во соработка со Меморијалниот центар „Никола Кљусев“ и американската невладина организација „Линк Акрос“ организираа повеќе обуки во текот на

2013 година на следните теми: Иновација и креирање на идеи, Медијација и вонсудско решавање на спорови, Ајде да правиме бизнис – Како од идеја до бизнис, Закон за работни односи, Емоционална интелигенција – Пат до успешен живот, Заеднички настап на населението за еколошка заштита, Екологизирање на компании, Организација и водење на состаноци, Обука – Лидерски способности низ комуникацискиот процес, Интелектуална сопственост, Грижа за корисници и др. Меморијалниот центар „Никола Кљусев“ одржа серија обуки за подобро емоционално здравје и на тема „Психологија на успехот“. Обуките на учесниците ќе им овозможат реализација на личен план, ќе им помогнат да станат подобри и поуспешни личности, да го подобрат емоционалното здравје, да се интегрираат во општеството и да се отстранат бариерите што сами ги создаваат. Обуките се реализираа во основните училишта во Општина Аеродром, а беа изведени од професионални предавачи. Беа организирани четири циклуси предавања во месецот, вкупниот износ по учесник за целиот циклус изнесуваше 350 денари, а по завршувањето на обуките кандидатите добија соодветен сертификат.

Дваесетте обуки на различни теми во рамките на „Летната школа“ се реализираа во периодот од 17-ти до 30-ти јуни 2013 година во седумте основни училишта во Општина Аеродром, во соработка со врвни консултанти и предавачи од НВО секторот од различни области, а беа спроведени од здруженија и центри од Македонија и САД (Профицио, Центарот за жени претприемнички, Фондацијата Никола Кљусев, Нела Јолеска и др.). Цената за една обука беше симболична, а максималната висина која може да ја достигне е 350 денари по обука. Обуките беа наменети за граѓаните, за малите и за средните претпријатија, со цел да се подигнат конкурентните способности на граѓаните на Општина Аеродром при барање на работа, како и да се подобри работата на малите и средните претпријатија, кои се наоѓаат на територијата на Општината.

Во текот на есента 2013 година Општината организираше бесплатни обуки за основни познавање од информатика и англиски јазик наменети за невработените жители на општината. Обуките се реализираа во основните училишта, а на крајот на курсот по полагањето, кандидатите добија и соодветни сертификати.

Во декември 2013 година Општината спроведе анкетирање на нејзините жители со Прашалник за оценување на потребите од дополнителна институционална поддршка како и свесноста за пристапот до финансии на потенцијалните сопственици на мали бизниси. Со овој прашалник ќе се определи од која област им е потребно да се организираат обуките за следната година, како би се изработил план за реализација на истите согласно потребите на граѓаните.

Повиците за пријавување и учество на наведените обуки, како и анкетниот прашалник, беа проследувани преку координаторот за еднакви можности до организациите и здруженија на жени со цел жените да се пријават во поголем број и да ги посетат наведените обуки. На спроведените обуки околу 70% од учесниците биле жени.

Координаторот за еднакви можности од Општина Аеродром присуствуваше на регионална работилница (погоре наведена) каде што беа презентирани Активните мерки за вработување на Владата на РМ за 2013 година, кои преку јавни огласи Агенцијата за вработување ги објавуваше во дневните весници. Како што беше договорено на работилницата, јавните

огласи беа објавувани и на официјалната веб-страницата на Општина Аеродром и беа поставувани на огласната табла на влезот во општинската зграда, а преку урбаните заедници за нив можеа да бидат информирани и сите граѓани. Јавните огласи се однесуваа на можностите за самовработување, започнување сопствен бизнис и сл., а ова особено се однесуваше на жените да преземат поголема иницијатива во започнување сопствен бизнис.

На почетокот на октомври 2013 година, во Општината беше организирана презентација на Активните мерки и програми за вработување – Форум со работодавачи. Презентацијата ја извршија претставниците од Агенцијата за вработување, а истата беше пред сè наменета за работодавачите, но и за невработените лица. Целта на форумот беше да се зајакне соработката помеѓу Министерството за труд и социјална политика, Агенцијата за вработување, центрите за вработување, како и Националниот совет за претприемништво и конкурентност, кои во соработка со општините преку овие презентации пред работодавачите ќе придонесат кон зајакнување на соработката во планирањето и имплементирањето на политиките за вработување на локално ниво.

Во општината во изминатите години беа изградени повеќе фудбалски терени, но се изградија и отворени повеќенаменски игралишта за различни спортови, со што и на женската популација и е овозможено да се занимава со спорт и да се рекреира. Со цел да се анимираат и рекреираат особено жителите од женскиот пол, Општината пред неколку години овозможи сите граѓани со нивно претходно пријавување на е-меил адреса во Општината, во сабота и недела бесплатно да играат тенис. И покрај оваа иницијатива, од статистичките податоци во табелата подолу се забележува дека е двојно поголем бројот на машките кои се пријавуваат бесплатно да играат тенис. Со цел да се подигне свесноста на жените за бавењето со спорт и релаксирање, во текот на мај и јуни од страна на јога клубот „Тара“ беа организирани бесплатни часови по јога во природа. Часовите се одржуваа во утринските часови во саботите, во парковите на Општина Аеродром, а беа наменети за сите заинтересирани лица без оглед на возраста, со посебен акцент на жените.

Во населбата Реонски центар во Ново Лисиче се пуштени во употреба нова детска градинка, односно организациска единица (клон) „Сонце“ во состав на ЈУДГ „Буба Мара“ и новото основно училиште „Александар Македонски“, кои пред три години почнаа да се градат по иницијатива на Општината и ресорните министерства. Во изминатите години, граѓаните кои живеат во овој дел на општината се соочуваа со проблем да не можат да ги запишат децата во градинка, односно чекаат долго време на листите за упис, а постоечкото основно училиште „Лазо Ангеловски“ работеше во три смени и имаше голем број на ученици. Во оваа населба постојано се градат нови станбени објекти и истата е населена со млада популација. Иако во овој дел на општината има основно училиште и детска градинка, тие немаа доволно капацитети да ги задоволат потребите на граѓаните, што директно влијаеше на жените и немањето можност да ги организираат обврските кон децата и да се реализираат на професионален план. Со изградбата на овие два нови објекти и нивното започнување со работа, наведените проблеми на граѓаните, особено на жените ќе бидат решени.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Аеродром во септември 2013 година покрена иницијатива преку Програмата за менторирање за отворање на Центар за ран детски развој

(ЦРДР) во село Долно Лисиче (рурална средина) каде што не постои детска градинка. Апликацијата за проектот беше прифатена од Македонско женско лоби и UNWOMEN, а е финансиран и поддржан од UNICEF за опремување и уредување на просторот во ПОУ „Гоце Делчев“ во село Долно Лисиче и за обучување на лицата коишто ќе работат со децата од ЦРДР. Откако проектот беше одобрен, Општината потпиша Меморандум за соработка со UNICEF и беа започнати процедурите и постапките за уредување и адаптирање на просторот, обезбедување инвентар и материјали потребни за работа, што преку урбаните и месните заедници продолжува и во 2014 година со анкетирање на населението и изготвување на списоци со податоци за децата кои би престојувале во ЦРДР, обуки за вработените лица и отворањето на ЦРДР.

Во текот на октомври и ноември 2013 година, Комисијата за еднакви можности и координаторот ја изготвија *Годишната програма за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2014 година*, која беше усвоена од членовите на Советот на 13-тата Седница на Советот на Општината, одржана на 05.12.2013 година (објавено во „Службен гласник на Општина Аеродром“ број 20 од 10.12.2013 година, стр.101-103).

На територијата на Општина Аеродром функционираат три здруженија на жени и тоа: „Мимози“, „Ѓердан“ и „Феникс“.

Координаторот во соработка со Одделението за односи со јавноста во Општина Аеродром, сите активности во врска со родовата еднаквост што се случуваа во текот на 2013 година, со текстови и слики беа најавувани и по случувањето објавувани на официјалната веб-страница на Општина Аеродром, на фан-страницата на Општината на Фејсбук, во општинскиот весник, а честопати и преку урбаните и месните заедници, со цел што повеќе граѓани да бидат информирани за настаните.

Во текот на 2013 година, како и претходните години, координаторот за еднакви можности на жените и мажите ги прибираше статистичките податоци за граѓаните кои живеат на територијата на општина Аеродром разделени според полот и ги ажурираше веќе постоечките податоци во базата од минатата година.

Прибирањето на податоците се состоеше од испраќање дописи до релевантните институции од кои беше побарано да ги достават до Општината податоците разделени според полот, како и од анализата на тековната работа за минатата година на општинската администрација во различните области на работењето.

Добивањето на релевантни и нови статистички податоци како и минатата година, се одвиваше отежнато, бидејќи се наидуваше на постари податоци, кои во текот на изминатите години не биле водени и обработувани според полот на граѓаните. Всушност за основни и официјални демографски податоци се сметаат податоците од последниот Попис на населението во Република Македонија спроведен од Државниот завод за статистика во 2002 година.

Следува табеларниот приказ на статистичките податоци за граѓаните кои живеат на територијата на општина Аеродром.

**Табела 1: Демографска структура на населението во Општина Аеродром разделена по пол**

| | Пол | | В к у п н о (%) |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Број на жители во Општината | 36.718 | 35.291 | 72.009 |
| Процент на жители во Општината (%) | 50,99% | 49,01% | 100% |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година

**Табела 2: Структура на населението во Општина Аеродром според образование (школска подготовка) и разделена по пол, за лица на возраст од 15 и повеќе години**

| Степена на образование | Пол | | В к у п н о (%) | |
|---|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | | |
| Сèуште во процес на образование | | | 20 | 0,03% |
| Без училиште (никакво образование) | | | 488 | 0,80% |
| Некомплетно основно образование | | | 2.264 | 3,72% |
| Основно училиште | | | 9.254 | 15,19% |
| Средно училиште | | | 35.078 | 57,57% |
| Виша школа | | | 2.535 | 4,16% |
| Висока школа, факултет, академија | | | 10.603 | 17,40% |
| Магистратура | | | 417 | 0,68% |
| Докторат | | | 274 | 0,45% |
| В к у п н о | | | 60.933 | 100% |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година, но не се разделени според пол

**Табела 3: Старосна структура на населението разделена по пол**

| Возраст по категории | Пол | | | | В к у п н о | Вкупно % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Женски | % | Машки | % | | |
| 0 – 19 години | 8.183 | 22,29 | 8.561 | 24,26 | 16.744 | 23,25% |
| 20 – 60 години | 23.702 | 64,55 | 22.446 | 63,60 | 46.148 | 64,09% |
| Над 60 години | 4.833 | 13,16 | 4.284 | 12,14 | 9.117 | 12,66% |
| Вкупно | 36.718 | 100 | 35.291 | 100 | 72.009 | 100% |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година, каде што се прикажани во повеќе категории

**Табела 4: Структура на населението во Општина Аеродром на возраст од 10 и повеќе години, разделени по пол и по писменост**

| Општина Аеродром | В к у п н о | | Мажи | | Жени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | писмени | неписмени | писмени | неписмени | писмени | неписмени |
| | 64.656 (99,27%) | 475 (0,73%) | 31.688 (99,73%) | 86 (0,27%) | 32.968 (98,83%) | 389 (1,17%) |
| | | | 100% | | 100% | |
| | 65.131 (100%) | | 31.774 (48,78%) | | 33.357 (51,22%) | |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година

**Табела 5: Структура на населението во Општина Аеродром на возраст од 15 и повеќе години, според активноста – вкупно**

| Општина Аеродром | В к у п н о | Економски активни | | | Економски неактивни |
|---|---|---|---|---|---|
| | | сè | вработени | невработени | |
| | 60.743 (100%) | 35.484 (58,42%) | 28.310 (79,78%) | 7.174 (20,22%) | 25.259 (41,58%) |
| | | | 100% | | |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година

**Табела 6: Структура на населението во Општина Аеродром на возраст од 15 и повеќе години, според активноста - мажи**

| Општина Аеродром | В к у п н о | Економски активни | | | Економски неактивни |
|---|---|---|---|---|---|
| | | сè | вработени | невработени | |
| | 29.459 (100%) | 18.607 (63,16%) | 14.980 (80,51%) | 3.627 (19,49%) | 10.852 (36,84%) |
| | | | 100% | | |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година

**Табела 7: Структура на населението во Општина Аеродром на возраст од 15 и повеќе години, според активноста – жени**

| Општина Аеродром | В к у п н о | Економски активни | | | Економски неактивни |
|---|---|---|---|---|---|
| | | сè | вработени | невработени | |
| | 31.284 (100%) | 16.877 (53,95%) | 13.330 (78,98%) | 3.547 (21,02%) | 14.407 (46,05%) |
| | | | 100% | | |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година

**Структура на невработено население во Општина Аеродром разделена според пол и други карактеристики**

**Табела 8: Евидентирани лица (невработени лица + други лица кои бараат работа) според пол и возрасна структура**

| Возраст | Евидентирани невработени лица според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| од 15-19 год. | 17 | 22 | 39 |
| од 20-24 | 156 | 150 | 306 |
| од 25-29 | 305 | 275 | 580 |
| од 30-34 | 297 | 213 | 510 |
| од 35-39 | 281 | 155 | 436 |
| од 40-44 | 243 | 144 | 387 |
| од 45-49 | 230 | 142 | 372 |
| од 50-54 | 264 | 183 | 447 |
| од 55-59 | 455 | 355 | 810 |
| 60 и повеќе | 276 | 522 | 798 |
| В к у п н о | 2524 | 2161 | 4685 |
| Процент % | 53,87% | 46,13% | 100% |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.12.2013 година).

**Табела 9: Евидентирани невработени лица според пол и време на чекање на вработување**

| Време на чекање | Евидентирани невработени лица според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| под 1 месец | 80 | 53 | 133 |
| од 1 до 5 мес. | 310 | 323 | 633 |
| од 6 до 11 мес. | 139 | 127 | 266 |
| од 12 до 17 мес. | 69 | 73 | 142 |
| од 18 до 23 мес. | 56 | 63 | 119 |
| 2 години | 159 | 158 | 317 |
| 3 години | 113 | 89 | 202 |
| 4 години | 56 | 66 | 122 |
| 5 до 7 години | 50 | 62 | 112 |
| 8 години и повеќе | 154 | 116 | 270 |
| В к у п н о | 1186 | 1130 | 2316 |
| Процент % | 51,21% | 48,79% | 100% |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.12.2013 година).

**Табела 10: Евидентирани невработени лица според пол и националност**

| Национална припадност | Евидентирани невработени лица според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| Македонци | 1134 | 1094 | 2228 |
| Албанци | 7 | 5 | 12 |
| Турци | 2 | 0 | 2 |
| Роми | 5 | 3 | 8 |
| Срби | 22 | 16 | 38 |
| Власи | 4 | 1 | 5 |
| Бошњаци | 2 | 2 | 4 |
| Други | 10 | 9 | 19 |
| В к у п н о | 1186 | 1130 | 2316 |
| % | 51,21% | 48,79% | 100% |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.12.2013 година).

**Табела 11: Евидентирани невработени лица според пол и школска подготовка**

| Степен на образование | Евидентирани невработени лица според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| Без образование и со основно образование | 99 | 96 | 195 |
| Непотполно средно образование | 153 | 275 | 428 |
| Завршено средно образование | 438 | 420 | 858 |
| Више образование | 24 | 28 | 52 |
| Високо образование | 433 | 294 | 727 |
| Магистри на науки | 39 | 17 | 56 |
| Доктори на науки | 0 | 0 | 0 |
| В к у п н о | 1186 | 1130 | 2316 |
| % | 51,21% | 48,79% | 100% |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 31.12.2013 година).

**Табела 12: Структура на членовите на Советот на Општина Аеродром**

| | Жени | Мажи | В к у п н о |
|---|---|---|---|
| Број на советници/чки | 9 | 18 | 27 |
| Процент на советници/чки (%) | 33,33% | 66,67% | 100% |

**Табела 13: Учество на жените советнички во телата на одлучување во Советот на Општина Аеродром**

Претседателот на Советот е од машки пол.
Во Општината сѐ уште немало жена на функцијата претседател на Совет.

| **Претседатели на Комисии во Советот на Општината** | | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | В к у п н о |
| Претседатели на Комисии | 4 | 7 | 11 |
| Процент на претседатели на Комисии (%) | 36,36% | 63,64% | 100% |

**Табела 14: Состав на Комисијата за родова еднаквост во Советот на Општина Аеродром**

| | Жени | Мажи |
|---|---|---|
| Претседателка на КЕМ | 1 | 0 |
| Членови на КЕМ | 2 | 2 |
| В к у п н о | 3 | 2 |
| Процент % | 60% | 40% |

**Табела 15: Структура на Комисијата за родова еднаквост според степенот на образованието**

| | **Образование** | |
|---|---|---|
| | ССС | ВСС |
| Претседателка на КЕМ | 0 | 1 |
| Членови на КЕМ | 2 | 2 |
| В к у п н о | 2 | 3 |
| Процент % | 40% | 60% |

**Табела 16: Структура на Комисијата за родова еднаквост според возраста**

| КЕМ | Возраст (години) |
|---|---|
| Претседателка на КЕМ | 39 |
| Член на КЕМ | 30 |
| Член на КЕМ | 38 |
| Член на КЕМ | 45 |
| Член на КЕМ | 50 |
| Просечна возраст | 40,4 |

**Табела 17: Координатор за еднакви можности на жените и мажите во Општина Аеродром**

| | Пол | Образование | Возраст (години) |
|---|---|---|---|
| Координатор | Женски | ВСС (магистер) | 37 |

**Табела 18: Структура на вработените лица од државната администрација во Општина Аеродром разделена по пол**

| | Пол | | В к у п н о |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Број на вработени | 66 | 50 | 116 |
| Процент на вработени (%) | 56,90% | 43,10% | 100% |

**Табела 19: Структура на раководители на сектори и одделенија од вработените лица од државната администрација во Општина Аеродром разделена по пол**

| | Пол | | В к у п н о |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Број на раководители | 5 | 6 | 11 |
| Секретар на ОА | 1 | 0 | 1 |
| Вкупно | 6 | 6 | 12 |
| Процент % | 50% | 50% | 100% |

**Табела 20: Табела со податоци разделени според пол за бројот на секретарите во урбаните/месните заедници на територијата на општина Аеродром** (овие лица се дел од државната администрација, вработени во Општина Аеродром и се вкалкулирани во табелата **број 18** во која е прикажан вкупниот број на вработени лица во Општина Аеродром)

| Име на урбана/месна заедница | Пол на секретарите | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| УЗ Горно Лисиче Север | 1 | 0 | 1 |
| УЗ Острово | 1 | 0 | 1 |
| УЗ Бисер | 1 | 0 | 1 |
| УЗ Ново Лисиче | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Мичурин | 1 | 0 | 1 |
| УЗ Горно Лисиче Запад | 0 | 1 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| МЗ Долно Лисиче | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Стар Аеродром | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Јане Сандански | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Населба Лисиче | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Горно Лисиче Југ | 1 | 0 | 1 |
| В к у п н о | 5 | 6 | 11 |
| Процент % | 45,45% | 54,55% | 100% |

**Табела 21: Табела со податоци разделени според пол за бројот на претседателите во урбаните/месните заедници на територијата на општина Аеродром** (овие лица не се вработени во Општина Аеродром, туку се избрани од граѓаните)

| Име на урбана/месна заедница | Пол на претседателите | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| УЗ Горно Лисиче Север | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Острово | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Бисер | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Ново Лисиче | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Мичурин | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Горно Лисиче Запад | 0 | 1 | 1 |
| МЗ Долно Лисиче | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Стар Аеродром | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Јане Сандански | 1 | 0 | 1 |
| УЗ Населба Лисиче | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Горно Лисиче Југ | 0 | 1 | 1 |
| В к у п н о | 1 | 10 | 11 |
| Процент % | 9,09% | 90,91% | 100% |

**Табела 22: Број на ученици во основните училишта разделени според пол**

| Име на основно училиште | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ОУ „Блаже Конески“ | 318 | 280 | 598 |
| ОУ „Браќа Миладиновци“ | 207 | 216 | 423 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ОУ „Љубен Лапе“ | 418 | 430 | 848 |
| ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ | 476 | 480 | 956 |
| ОУ „Лазо Ангеловски“ | 699 | 698 | 1397 |
| ОУ „Димитар Македонски“ | 321 | 306 | 627 |
| ОУ „Гоце Делчев“ – Горно Лисиче | 337 | 357 | 694 |
| ОУ „Александар Македонски“ | 95 | 78 | 173 |
| В к у п н о | 2871 | 2845 | 5716 |
| Процент % | 50,23% | 49,77% | 100% |

**Табела 23: Број на вработени лица во основните училишта разделени според пол**

| Име на основно училиште | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ОУ „Блаже Конески“ | 52 | 3 | 55 |
| ОУ „Браќа Миладиновци“ | 45 | 8 | 53 |
| ОУ „Љубен Лапе“ | 72 | 5 | 77 |
| ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ | 69 | 8 | 77 |
| ОУ „Лазо Ангеловски“ | 99 | 10 | 109 |
| ОУ „Димитар Македонски“ | 53 | 6 | 59 |
| ОУ „Гоце Делчев“ – Горно Лисиче | 50 | 10 | 60 |
| ОУ „Александар Македонски“ | 4 | 17 | 21 |
| В к у п н о: | 444 | 67 | 511 |
| Процент % | 86,89% | 13,11% | 100% |

**Табела 24: Број на членови во Училишен одбор во основните училишта разделени според пол**

| Име на основно училиште | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ОУ „Блаже Конески“ | 5 | 4 | 9 |
| ОУ „Браќа Миладиновци“ | 6 | 3 | 9 |
| ОУ „Љубен Лапе“ | 3 | 6 | 9 |
| ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ | 7 | 2 | 9 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ОУ „Лазо Ангеловски“ | 7 | 2 | 9 |
| ОУ „Димитар Македонски“ | 5 | 4 | 9 |
| ОУ „Гоце Делчев“ – Горно Лисиче | 6 | 3 | 9 |
| ОУ „Александар Македонски“ | 6 | 3 | 9 |
| В к у п н о: | 45 | 27 | 72 |
| Процент % | 62,50% | 37,50% | 100% |

**Табела 25: Број на членови во Совет на родители во основните училишта разделени според пол**

| Име на основно училиште | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ОУ „Блаже Конески“ | 19 | 7 | 26 |
| ОУ „Браќа Миладиновци“ | 16 | 3 | 19 |
| ОУ „Љубен Лапе“ | 20 | 18 | 38 |
| ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ | 31 | 7 | 38 |
| ОУ „Лазо Ангеловски“ | 44 | 10 | 54 |
| ОУ „Димитар Македонски“ | 21 | 4 | 25 |
| ОУ „Гоце Делчев“ – Горно Лисиче | 22 | 9 | 31 |
| ОУ „Александар Македонски“ | 9 | 0 | 9 |
| В к у п н о: | 182 | 58 | 240 |
| Процент % | 75,83% | 24,17% | 100% |

**Табела 26: Број на деца во градинките разделени според пол**

| Име на детска градинка | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ЈДГОА „Срничка“ | 666 | 709 | 1375 |
| ЈУДГ „Буба Мара“ | 514 | 539 | 1053 |
| В к у п н о: | 1180 | 1248 | 2428 |
| Процент % | 48,60% | 51,40% | 100% |

**Табела 27: Број на вработени лица во градинките разделени според пол**

| Име на детска градинка | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ЈДГОА „Срничка“ | 135 | 13 | 148 |
| ЈУДГ „Буба Мара“ | 128 | 10 | 138 |
| В к у п н о: | 263 | 23 | 286 |
| Процент % | 91,96% | 8,04% | 100% |

**Табела 28: Број на членови во Управен одбор во градинките разделени според пол**

| Име на детска градинка | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ЈДГОА „Срничка“ | 4 | 3 | 7 |
| ЈУДГ „Буба Мара“ | 6 | 1 | 7 |
| В к у п н о: | 10 | 4 | 14 |
| Процент % | 71,43% | 28,57% | 100% |

**Табела 29: Број на членови на Совет на родители во градинките разделени според пол**

| Име на детска градинка | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ЈДГОА „Срничка“ | 5 | 1 | 6 |
| ЈУДГ „Буба Мара“ | 5 | 0 | 5 |
| В к у п н о: | 10 | 1 | 11 |
| Процент % | 90,91% | 9,09% | 100% |

**Табела 30: Податоци разделени според пол за бројот на директори во основните училишта што се наоѓаат на територијата на Општина Аеродром**

| Број на директори во основни училишта | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| | 6 | 2 | 8 |
| Процент % | 75% | 25% | 100% |

**Табела 31: Податоци разделени според пол за бројот на директори во детските градинки што се наоѓаат на територијата на Општина Аеродром**

| Број на директори во детски градинки | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| | 1 | 1 | 2 |
| Процент % | 50% | 50% | 100% |

**Табела 32: Податоци разделени според пол за бројот на новороденчиња кои добиле решение за еднократна парична помош од Општина Аеродром**

| Број на новороденчиња | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| | 308 | 357 | 665 |
| Процент % | 46,32% | 53,68% | 100% |

**Табела 33: Податоци разделени според пол за бројот на претседатели на заедници на сопственици во Регистарот на Управители на станбени згради во Општина Аеродром согласно Законот за домување**

| | Пол | | Управител на заедница на сопственици–Правно лице (фирма) | В к у п н о |
|---|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | | |
| Број на претседатели на заедници на сопственици | 0 | 1 | 76 | 77 |
| Процент % | 0% | 1,30% | 98,70% | 100% |

**Табела 34: Податоци разделени според пол за лица кои се пријавиле бесплатно да играат тенис за време на викендите на тениските терени на територијата на општина Аеродром во текот на 2013 година**

| | Пол | | В к у п н о |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Број на лица кои бесплатно играле тенис | 683 | 1219 | 1902 |
| Процент % | 35,91% | 64,09% | 100% |

**Табела 35: Податоци разделени според пол за барања од граѓани доставени до Општина Аеродром преку Граѓански сервис центар (ГСЦ) во текот на 2012 година**

| | Пол | | | В к у п н о |
|---|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | Неодредено* | |
| Број на доставени барања преку ГСЦ | 200 | 396 | 12 | 608 |
| Процент % | 32,90% | 65,13% | 1,97% | 100% |

* Категоријата „Неодредно“ означува: група/здружение на граѓани, заедница на сопственици или лице чиј пол од напишаниот текст не може да се утврди.

**Табела 36: Податоци разделени според пол за граѓаните кои доставиле до Општина Аеродром барање за информации од јавен карактер согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер**

| | Пол | | Правни лица | В к у п н о |
|---|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | | |
| Број на доставени барања за информации од јавен карактер | 15 | 56 | 15 | 86 |
| Процент % | 17,44% | 65,12% | 17,44% | 100% |

**Табела 37: Податоци разделени според пол за граѓаните кои доставиле до Општина Аеродром претставки согласно Законот за постапување по претставки и предлози**

| | Пол | | Правни лица | В к у п н о |
|---|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | | |
| Број на доставени претставки | 8 | 9 | 4 | 21 |
| Процент % | 38,09% | 42,86% | 19,05% | 100% |

**Табели 38: Податоци разделени според пол за невработени граѓани од општина Аеродром кои ги завршиле бесплатните курсеви за основни познавања по информатика и англиски јазик, организирани од страна на Општина Аеродром во основните училишта**

| Во сите 7 ОУ | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Информатика Процент % | 241 (72,59%) | 91 (27,41%) | 332 (100%) |
| Англиски јазик Процент % | 154 (73,68%) | 55 (26,32%) | 209 (100%) |
| В к у п н о Процент % | 395 (73,01%) | 146 (26,99%) | 541 (100%) |